Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS - BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

# НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ
## за постигањата на учениците на крајот од
## ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје,
март 2021 година

Националните стандарди за основното образование се донесени
со решение бр. 08-4176/2 од 5.3.2021 година

Мила Царовска, министерка за образование и наука

# СОДРЖИНА

**Вовед** ........................................................................ 3

I. **ЈАЗИЧНА ПИСМЕНОСТ**........................................... 5

II. **КОРИСТЕЊЕ ДРУГИ ЈАЗИЦИ** ................................. 7

III. **МАТЕМАТИКА И ПРИРОДНИ НАУКИ** .................... 9

IV. **ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ** .................................... 14

V. **ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ** .............................. 16

VI. **ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТСКА КУЛТУРА** ............ 19

VII. **ТЕХНИКА, ТЕХНОЛОГИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО**............................................ 22

VIII. **УМЕТНИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ И КУЛТУРА** ................ 24

# ВОВЕД

Врз основа на клучните компетенции за доживотно учење од Европската референтна рамка, како и врз основа на рамките на одделните компетенции развиени од Европската комисија (за странски јазици, за дигитални компетенции, за претприемништво), а особено имајќи го предвид нашиот образовен систем и знаењата, вештините и ставовите кои треба да ги стекнат учениците во основното образование во нашиот општествен контекст, определени се осум подрачја на националните стандарди во основното образование во нашата земја. Во нив се вклучени трансверзални компетенции и/или компетенции поврзани со определени предметни подрачја.

Тие се:

I. ***Јазична писменост***
II. ***Користење други јазици***
III. ***Математика и природни науки***
IV. ***Дигитална писменост***
V. ***Личен и социјален развој***
VI. ***Општество и демократска култура***
VII. ***Техника, технологија и претприемништво***
VIII. ***Уметничко изразување и култура***

Секое наведено подрачје започнува со кус опис на компетенциите карактеристични за подрачјето, а потоа се дадени стандардите во форма на знаења и вештини (*што ученикот знае и/или умее*) и ставови/вредности (*што ученикот разбира и прифаќа*). На крајот на секое подрачје се дадени куси насоки низ кои предметни подрачја и наставни предмети првенствено ќе се стекнуваат компетенциите од тоа подрачје.

За да се обезбеди натамошна препознатливост (референтна рамка), секое одделено знаење, вештина и став се означени со шифра. Таквото означување ќе овозможи секој стандард, односно одделните знаења/вештини и ставови понатаму да се развијат во наставните програми за секој наставен предмет утврден во наставниот план (преку определување на резултати од учење, содржини и поими, активности и стандарди за оценување) и истовремено да се овозможи видливост на еден ист стандард, но од различни аспекти, во рамки на една или повеќе области, во еден или повеќе наставни предмети. Определени стандарди може да бидат препознаени и развивани и во воннаставните активности и во работата на ученичките организации.

Шифрите се состојат од неколку компоненти, а секоја компонента го има следното значење (според редоследот на наведување во шифрата): подрачје, вид стандард/компетенција (знаења и/или вештини и ставови) и реден број на знаењето/вештината или ставот во рамки на подрачјето. Илустрирано, преку примери, тоа изгледа на следниот начин:


подрачје
(IV = Дигитална писменост)
IV – A . 1
реден број на знаењето/вештината во рамки на подрачјето
вид на стандард/ компетенција (А=знаење и/или вештина)


подрачје
(V = Личен и социјален развој)
V – Б . 1
реден број на ставот во рамки на подрачјето
вид на стандард/ компетенција (Б=став)

# I. ЈАЗИЧНА ПИСМЕНОСТ

Во ова подрачје спаѓаат компетенциите кои овозможуваат идентификување, разбирање, изразување, создавање и интерпретирање на концептите, чувствата, фактите и мислењата во усна и во различни писмени форми, со користење на визуелни, звучни/аудиоматеријали и дигитални материјали во различни дисциплини и контексти. Овие компетенции се однесуваат на мајчиниот јазик (односно на јазикот на кој се одвива наставата) и вклучуваат знаење за читање и пишување и солидно разбирање на пишани текстови, владеење со определен вокабулар и граматички правила и познавање на функциите на јазикот, како и оспособеност за користење на главните видови вербална интеракција во усна и пишана форма.

***Ученикот/ученичката знае и умее:***

| | |
|---|---|
| **I-A.1** | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели; |
| **I-A.2** | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| **I-A.3** | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| **I-A.4** | да го користи стандардизираниот јазик со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување; |
| **I-A.5** | да подготви и одржи говор со различна содржина и за различна цел, имајќи го предвид аудиториумот (возраста и етничкиот/културниот диверзитет); |
| **I-A.6** | да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со други јазици; |
| **I-A.7** | да ги идентификува најзначајните автори и дела од литературата на мајчин јазик; |
| **I-A.8** | да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| **I-A.9** | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| **I-A.10** | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.): да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| **I-A.11** | да ги идентификува и анализира пораките и стилските и естетските елементи на литературните дела; |
| **I-A.12** | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи ги предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| **І-Б.1** | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| **І-Б.2** | со употребата на јазикот во различни контексти и средини, и во различни форми, се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| **І-Б.3** | преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство; |
| **І-Б.4** | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти; |
| **І-Б.5** | читањето и изразувањето на мајчин јазик се важни за развојот и поттикнувањето на креативноста и критичкото мислење; |
| **І-Б.6** | познавањето на мајчиниот јазик е темел на учењето и стекнувањето на знаења од сите други области (наставни предмети); |
| **І-Б.7** | познавањето на мајчиниот јазик е еден од најважните столбови на етничкиот идентитет. |

Компетенциите за изучување на мајчин јазик треба да се развиваат и да се стекнуваат во текот на целото основно образование преку изучување на посебен наставен предмет – мајчин јазик (македонски јазик, албански јазик, турски јазик, српски јазик или босански јазик). Исто така, стекнувањето на јазичните компетенции е поврзано со наставните активности во другите предмети, особено во наставниот предмет ***Англиски јазик***, како задолжителен предмет и во изборните предмети од јазичното подрачје, како и во повеќето од слободните изборни предмети. Стекнувањето на јазичната писменост се поддржува и преку воннаставните активности (на пример, преку училишниот театар).

# II. КОРИСТЕЊЕ ДРУГИ ЈАЗИЦИ

Подрачјето се однесува на компетенции кои обезбедуваат соодветно и ефективно користење на други јазици за комуникација. Тоа ги опфаќа главните компоненти/подрачја на писменоста: да се разберат, да се изразат и да се интерпретираат концепти, мисли, чувства, факти и мислења во усна и писмена форма (слушање, зборување, читање и пишување) и во соодветен опсег, на јазик кој е различен од мајчиниот, односно различен од јазикот на кој се следи наставата.

**Англиски јазик и Македонски јазик за припадниците на другите заедници**

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **II-A.1** | да разбере реченици и често употребувани фрази кои се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси); |
| **II-A.2** | да ја извлече главната поента во јасни, едноставни пораки, соопштенија, упатства, молби и сл.; |
| **II-A.3** | да прочита и разбере едноставни текстови од различни видови, на позната и помалку позната тематика, соодветни на возраста; |
| **II-A.4** | да најде конкретни информации во текстови во реални материјали (на пример, реклами, проспекти, упатства, брошури, менија, возни редови и сл.) и да разбере куси едноставни пораки со цел да се снајде во секојдневните ситуации; |
| **II-A.5** | да комуницира во конкретни и секојдневни ситуации кога се бара едноставна и директна размена на информации на познати теми; |
| **II-A.6** | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| **II-A.7** | да користи најчесто употребувани искази и реченици кои произлегуваат од непосредното искуство и/или се однесуваат на теми и ситуации од непосреден интерес; |
| **II-A.8** | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| **II-A.9** | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување; |
| **II-A.10** | да изрази и аргументира чувство и мислење во врска со нешта од непосреден интерес; |
| **II-A.11** | да користи низа од искази и реченици за да напише порака, писмо, белешка, разгледница и да опише со едноставни зборови нешта од непосреден интерес. |

**Втор странски јазик, Албански јазик и јазик на заедницата**

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **II-A.12** | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар кој се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пример, најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина); |

| | |
|---|---|
| II-А.13 | да ја сфати главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија; |
| II-А.14 | да чита куси, едноставни текстови и да разбере куси, едноставни пораки во рамки на позната тематика; |
| II-А.15 | да најде конкретни информации во едноставни секојдневни материјали (реклами, проспекти, менија, возни редови и сл.); |
| II-А.16 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности; |
| II-А.17 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика; |
| II-А.18 | да користи низа од фрази и реченици за да ги опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интересите и секојдневните активности; |
| II-А.19 | да напише куси, едноставни белешки и пораки кои произлегуваат од секојдневната потреба. |
| II-А.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-А.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување; |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и се **ШТО?** можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| II-Б.2 | со познавањето на повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси кои се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини; |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и почит за различни јазици и култури; |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Компетенциите за користење други јазици треба да се развиваат и да се стекнуваат во текот на целото основно образование. Од тие причини, покрај изучувањето на англискиот јазик во текот на целото основно образование, на учениците им се нуди можност за изучување и на втор странски јазик, избран од листата на другите понудени странски јазици. Стекнувањето јазични компетенции од друг странски јазик е поддржано и од користењето наставни материјали за совладување на другите наставни предмети. Од друга страна, изучувањето на ***Македонски јазик***, како задолжителен предмет за учениците коишто не ја следат наставата на македонски јазик, но и изборот на ***Албански јазик*** или јазикот на заедницата од листата на дополнителни предмети понудени на учениците коишто ја следат наставата на друг јазик, освен што е битно за подобрување на јазичните компетенции на учениците, може да се смета и за особено значајно за обезбедување меѓуетничка интеграција во општеството. Совладувањето на македонскиот јазик, албанскиот јазик или друг јазик на заедницата е поддржано и од организацијата на наставата на изборните предмети и на воннаставните активности во двојазичните и тријазичните

училишта во кои е овозможено ваквите активности да се водат со „мешани“ групи ученици од различни наставни јазици.

# III. МАТЕМАТИКА И ПРИРОДНИ НАУКИ

Математичките компетенции укажуваат на оспособеност и подготвеност за користење на различни математичко-логички начини на размислување и нумеричко и просторно претставување при решавање проблеми од секојдневниот живот. Компетенциите во природните науки се однесуваат на оспособеноста и подготвеноста за примена на сознанија и пристапи базирани на докази при објаснување на природните појави и подобрување на животот на луѓето, како и за разбирање на промените во природата кои се предизвикани од влијанието на активностите на луѓето врз околината.

**Математика**

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **III-A.1** | да користи редослед на операции со цели броеви, дропки и децимални броеви, вклучувајќи и загради; |
| **III-A.2** | да заокружува броеви до одреден степен на прецизност; |
| **III-A.3** | да испитува намалување или зголемување во проценти, вклучувајќи едноставни проблеми поврзани со личните или домашните финансии (пример: камата, попуст, добивка, загуба и данок); |
| **III-A.4** | да одлучува кога да примени дропка или проценти за да се споредат различни количини; |
| **III-A.5** | да препорачува/применува размер во различни контексти од секојдневниот живот; |
| **III-A.6** | да донесува заклучоци кога две величини се правопропорционални и да користи пропорционалност во решавањето на проблеми, на пример, премин од една валута во друга; |
| **III-A.7** | да користи степени со степенов показател: нула, позитивен или негативен цел број и да применува множење и делење на степени со еднакви основи и степенување на степен, производ и количник; |
| **III-A.8** | да упростува или трансформира алгебарски изрази и да собира и одзема едноставни алгебарски дропки; |
| **III-A.9** | да составува израз за да го опише $n$-тиот член на аритметичка низа; |
| **III-A.10** | да составува, решава и графички да го интерпретира решението на линеарни равенки со коефициенти цели броеви, систем од две линеарни равенки со две непознати и линеарни неравенки со една непозната; |
| **III-A.11** | да проценува и проверува приближни решенија на квадратни равенки; |
| **III-A.12** | да открива својства на агли, прави што се сечат, триаголници, други многуаголници и круг и да одлучува кои својства ќе ги користи при решавање на проблеми; |
| **III-A.13** | да анализира 3Д-форми преку мрежи и проекции; |
| **III-A.14** | да изнаоѓа соодветни начини за решавање на проблеми со примена на Питагорова теорема; |
| **III-A.15** | да трансформира 2Д-форми комбинирајќи: транслација, ротација, осна симетрија и сличност; |
| **III-A.16** | да изработува и користи цртежи во размер и да толкува мапи; |

| | |
|---|---|
| **III-А.17** | да наоѓа геометриско место на точки на одредено растојание од  дадена точка или од  дадена права; |
| **III-А.18** | да ги користи мерните единици (должина, маса, зафатнина, плоштина и волумен) во различен контекст; |
| **III-А.19** | да пресметува периметар и плоштина на 2Д-форми; |
| **III-А.20** | да пресметува плоштина и волумен на 3Д-форми; |
| **III-А.21** | да собира, средува дискретни и континуирани податоци и да избира соодветни, еднакви класни интервали каде што е потребно; |
| **III-А.22** | да претставува дискретни и континуирани податоци со: линиски графикон за временски период, дијаграми со точки, столбест дијаграм, стебло-лист дијаграм; |
| **III-А.23** | да толкува табели, графикони и дијаграми, да споредува резултати и да носи заклучоци за точноста на поставената хипотеза; |
| **III-А.24** | да проценува настан, веројатност на настан, релативна фреквенција и да донесува заклучоци за експеримент; |
| **III-А.25** | да одлучува како да ги провери резултатите и да размислува дали одговорот е разумен во контекст на проблемот; |
| **III-А.26** | да ја оценува ефикасноста на различни пристапи на решавање на проблемот и да ја подобрува постапката на решавање; |
| **III-А.27** | да користи математички апликации за решавање на различни проблемски ситуации и за проверување на знаењата. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| **III-Б.1** | секој може да научи математика доколку доволно се потруди; |
| **III-Б.2** | знаењата од математика наоѓаат примена во многу области од секојдневното живеење; |
| **III-Б.3** | знаењата од математика се неопходни за  усвојување на знаењата од други предмети и научни дисциплини; |
| **III-Б.4** | учењето математика може да биде забавно и интересно. |

**Природни науки**

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **III-А.28** | да ги користи основните научни сознанија за да го објаснува природниот свет; |
| **III-А.29** | да разгледува и одбира идеи, набљудува, предвидува и поставува претпоставки (хипотези), собира и вреднува докази, проверува предвидувања, планира, организира и спроведува истражување, евидентира, обработува, анализира и претставува резултати, евалуира и дискутира заклучоци; |
| **III-А.30** | да организира и претставува квантитативни податоци табеларно, графички, со дијаграм и скици и да толкува податоци од различни области  претставени на различни начини; |
| **III-А.31** | да изведува едноставни експерименти, користејќи соодветен лабораториски прибор и хемикалии; да прави мерења, користејќи соодветна опрема и инструменти; |
| **III-А.32** | да проценува ризици и опасности во лабораторија и да ги познава и применува мерките за претпазливост и правилата за работа во лабораторија; |

| | |
|---|---|
| **III-A.33** | да истражува и да дискутира за влијанието на науката, технологијата и активностите на човекот врз животната средина; |
| **III-A.34** | да разликува и класифицира супстанции и да го поврзува нивниот состав со нивните својства; |
| **III-A.35** | да ги познава градбените единки на супстанциите и да прави врска меѓу составот на супстанциите, нивната градба, хемиските врски во нив и нивните својства; |
| **III-A.36** | да разликува физички од хемиски промени и да идентификува и демонстрира различни видови физички промени (вклучувајќи ги и промените на агрегатните состојби на супстанциите), како и различни видови хемиски реакции; |
| **III-A.37** | да го толкува и употребува периодниот систем на елементите; |
| **III-A.38** | да ги познава хемиските симболи на поважните хемиски елементи и да пишува хемиски формули со примена на валентност; |
| **III-A.39** | да ги претставува хемиските реакции со хемиски равенки и истите да ги израмнува; |
| **III-A.40** | да ја применува номенклатурата на основните типови неоргански соединенија и некои поважни органски соединенија, да ги претставува со соодветни хемиски формули и да ги познава начините за нивно добивање, нивните својства и примена; |
| **III-A.41** | да ја толкува енергетиката на хемиските реакции; |
| **III-A.42** | да ја толкува кинетиката на хемиските реакции; |
| **III-A.43** | да идентификува и истражува појави во живата и неживата природа, |
| **III-A.44** | да ги разбере основите на еволуцијата и основните факти за потеклото, единството и биолошката разновидност на животот на Земјата; |
| **III-A.45** | да ја толкува основната градба на клетката и да го опишува групирањето на клетки во ткива, органи, органски системи и организми; |
| **III-A.46** | да опишува и анализира основни физиолошки процеси (нивната улога и функција) кои се случуваат кај живите организми и да ги претставува со слики, шеми, дијаграми и равенки; |
| **III-A.47** | да применува знаења за основните животни процеси кои се одвиваат на ниво на организмите со цел да го подобри квалитетот на сопствениот живот; |
| **III-A.48** | да идентификува основни знаци на нарушена функција на одделни органи, односно основни симптоми на заболување и да применува здрави навики за превенција од различни заболувања на организмот; |
| **III-A.49** | да ја толкува улогата на генетскиот материјал во наследувањето и да го опишува процесот на наследување; |
| **III-A.50** | да ги класифицира живите организми и да ја објаснува нивната структура и нивните физиолошки процеси; |
| **III-A.51** | да ја објаснува интеракцијата меѓу човекот и животната средина и да ги идентификува позитивните и негативните влијанија на човекот врз животната средина; |
| **III-A.52** | да го разбере значењето и потребата од одржливиот развој и критички да анализира ситуации во кои постојат конфликти на интереси меѓу потребата од економско-технолошки развој и заштитата на животната средина; |
| **III-A.53** | да ги анализира односите  меѓу еколошките, социјалните и економските системи од локално до глобално ниво; |

| | |
|---|---|
| **III-А.54** | да ги објаснува физичките појави и да користи научни концепти во секојдневниот живот; |
| **III-А.55** | да ги поврзува законитостите во експериментот со законитостите во реалната природна појава, да ја воочува причинско-последичната врска и да согледува дека многу природни појави може да се предвидат; |
| **III-А.56** | да ги објаснува и анализира движењата и ефектите на силата врз нив; |
| **III-А.57** | да ги дискутира и анализира различните форми на енергија во природата, нивната појава и трансформација, процесите на пренесување и начините на употреба во модерната цивилизација; |
| **III-А.58** | да ги анализира и графички да ги претставува светлинските појави, користејќи светлински зрак; |
| **III-А.59** | да го објаснува концептот на електричен полнеж и течењето на струјата низ едноставни струјни кола; |
| **III-А.60** | да ги опишува својствата на магнетите; |
| **III-А.61** | да ги анализира својствата на звукот преку движењето на честичките и пренесувањето на енергијата; |
| **III-А.62** | да ги објаснува вселената и Сончевиот систем, карактеристиките на планетите, нивната релативна положба и движење, со посебен акцент на планетата Земја; |
| **III-А.63** | да ги идентификува и споредува географските карактеристики на континентите, региите и државите во светот; |
| **III-А.64** | да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава и да ги споредува со другите држави во регионот, во Европа и во светот; |
| **III-А.65** | да ги поврзува географските карактеристики на регионите со разместеноста на живиот свет; |
| **III-А.66** | да наоѓа информации за карактеристиките на географските подрачја прикажани на мапи и да изготвува скици за прикажување на географските подрачја со нивните карактеристики; |
| **III-А.67** | да се ориентира во просторот со помош на скици, мапи, снимки и дигитални прикази на дадени географски подрачја. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| **III-Б.5** | љубопитноста, систематичноста и иновативноста се клучни за развивање на научно-истражувачката мисла; |
| **III-Б.6** | природните ресурси на Земјата се ограничени и нивното неодговорно искористување има последици по квалитетот на животот; |
| **III-Б.7** | глобалното затоплување води кон природни катастрофи со последици по живиот и неживиот свет на целата планета; |
| **III-Б.8** | секоја индивидуа е одговорна за зачувување на природната средина во непосредното опкружување и пошироко и дека треба да развива еколошка свест и да делува во насока на заштита и одржливост на животната средина; |
| **III-Б.9** | треба да ги разбира предностите, ограничувањата и ризиците на научните теории и нивната примена и да покажува развиен однос кон носење правилни одлуки и градење вредности, вклучително и моралниот аспект при решавањето проблеми. |

Математичките компетенции и компетенциите во областа на природните науки се развиваат преку стекнување знаења, вештини и ставови, првенствено од задолжителните предмети ***Математика*** и ***Природни науки***, кои се застапени од I до IX одделение. Дополнително, содржини кои придонесуваат за стекнување на компетенции од овие области може да се најдат и на списокот на изборни предмети.

# IV. ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ

Во ова подрачје спаѓаат компетенциите кои обезбедуваат активно вклучување во информатичкото и технолошки софистицираното современо општество. Се обезбедуваат преку стекнување знаења, вештини и ставови кои овозможуваат познавање на потенцијалите на ИКТ, како и на креативно, критичко и одговорно користење на ИКТ за учење, за работа и за други лични и општествени активности во текот на образованието и во иднина. Овие компетенции се однесуваат на користење на ИКТ за достап до информации, на умешно и ефективно користење за решавање проблеми, споделување идеи, комуникација и соработка во рамки на училиштето и животот надвор од училиштето, на создавање дигитални содржини, како и на етичко и безбедно користење на дигиталната технологија во секојдневниот живот.

***Ученикот/ученичката знае и/или може:***

| | |
|---|---|
| **IV-A.1** | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие кои се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |
| **IV-A.2** | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми кои му/ѝ се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| **IV-A.3** | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| **IV-A.4** | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| **IV-A.5** | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| **IV-A.6** | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини, почитувајќи ги правилата за користење; |
| **IV-A.7** | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| **IV-A.8** | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| **IV-A.9** | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| **IV-A.10** | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| **IV-A.11** | да планира и да развива секвенци од јасни инструкции за изведување конкретна задача и да ги прикаже како програмски алгоритам; |

| | |
|---|---|
| **IV-А.12** | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| **IV-А.13** | да дефинира критериуми за квалитетот на дигиталните продукти и решенија, вклучувајќи ги иновативноста и корисноста. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| **IV-Б.1** | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| **IV-Б.2** | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има органичувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |
| **IV-Б.3** | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| **IV-Б.4** | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибернасилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| **IV-Б.5** | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето; |
| **IV-Б.6** | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи; |
| **IV-Б.7** | неумереното и во несоодветна положба (неергономски) користење на дигиталните технологии може негативно да влијае на здравјето, на личниот и социјалниот живот, а несоодветното складирање на дигиталниот отпад неповолно влијае врз животната средина. |

Компетенциите кои го дефинираат ова подрачје се развиваат во текот на целото основно образование, и тоа на два начина. Едниот начин е преку задолжителниот наставен предмет ***Техничко образование и информатика*** преку кој учениците стекнуваат знаења, вештини и ставови од областа на информатичко-комуникациските технологии. Дополнителни знаења и вештини од оваа област може да се стекнуваат и преку изборни предмети (на пример, ***Програмирање***).

Другиот начин е преку примена на информатичко-комјутерската технологија за учење на содржини и развој на вештини во рамките на следниве задолжителни предмети: ***мајчин јазик***, ***Англиски јазик***, ***Математика***, ***Природни науки***, ***Општество/Историја и општество***, ***Музичко образование***, ***Ликовно образование***, како и на изборните предмети од јазичната област. Стекнувањето на компетенциите за користење на информатичко-комјутерската технологија во училиштето треба да се поврзува со компетенциите за користење на дигиталните уреди кои учениците ги стекнуваат надвор од училиштето и со навиките за користење на дигиталните уреди за забава и во приватната комуникација. Тоа е особено важно да се поврзе

со понудата на слободни изборни предмети која ќе овозможи поврзување на наставните содржини со интересите на учениците и реалните животни ситуации.

# V. ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ

Ова подрачје определува компетенции кои овозможуваат сопствено осознавање и развој на физичките, когнитивните, афективните и социјалните аспекти на добросостојбата. Развојот на овие компетенции обезбедува формирање на зрели, активни и одговорни личности, коишто се подготвени за справување со предизвиците на секојдневното живеење кои се јавуваат пред секој човек како поединец и како припадник на потесни и пошироки општествени групи.

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **V-A.1** | да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности и сексуално однесување); |
| **V-A.2** | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба; |
| **V-A.3** | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример, родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пример, ученик, син/ќерка); |
| **V-A.4** | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| **V-A.5** | да ги препознава емоциите кај себеси и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| **V-A.6** | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| **V-A.7** | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| **V-A.8** | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| **V-A.9** | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите; |
| **V-A.10** | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| **V-A.11** | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| **V-A.12** | успешно да се справува со социјални притисоци; |

| | |
|---|---|
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања  со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-A.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојбата во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува кон решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.6 | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ  биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |

| | |
|---|---|
| **V-Б.10** | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

Дел од личните компетенции се постигнуваат преку задолжителниот предмет ***Физичко и здравствено образование***, преку слободните изборни предмети од спортско-рекреативен карактер и преку спортските клубови како воннаставни активности. Сепак, повеќето од личните и социјалните компетенциите се стекнуваат преку учење на содржини и развој на вештини и ставови опфатени со сите задолжителни и изборни предмети и со сите воннаставни активности. Предвидено е секое училиште на сите ученици (независно од возраста/одделението) да им нуди изборни предмети кои најдиректно придонесуваат за личниот и социјалниот развој на учениците. Тоа не ја намалува потребата од вградување на компетенциите од ова подрачје во целокупната настава и во сите други активности кои се организираат во училиштето и во заедницата и овозможуваат нивно учење и практикување во реални животни ситуации.

# VI. ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТСКА КУЛТУРА

Во ова подрачје спаѓаат компетенциите кои се однесуваат на познавањето и разбирањето на себеси, на општеството, неговата историја и организација, на економските и политичките концепти, структури и движења, како и на вештините и ставовите кои треба да овозможат ученикот да се однесува демократски и одговорно во училиштето и во иднина да биде одговорен/одговорна граѓанин/граѓанка и мотивирано и активно да учествува во општествениот и граѓанскиот живот.

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **VI-A.1** | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки; |
| **VI-A.2** | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| **VI-A.3** | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| **VI-A.4** | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| **VI-A.5** | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| **VI-A.6** | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| **VI-A.7** | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |
| **VI-A.8** | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| **VI-A.9** | да препознае ранливи групи во општеството, да поддржува и да учествува во хуманитарни и волонтерски акции; |
| **VI-A.10** | да се заштити себеси и другите во кризни ситуации и при елементарни непогоди; |
| **VI-A.11** | да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот; |
| **VI-A.12** | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| **VI-A.13** | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| **VI-A.14** | да ги анализира и дискутира одговорностите на извршната, законодавната и судската власт во правната држава и улогата на државата во заштитата на човековите права; |

| | |
|---|---|
| **VI-A.15** | да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и да се ангажира за подобрување на состојбите; |
| **VI-A.16** | да препознава ситуации на злоупотреба на моќта, да го објаснува штетното влијание на корупцијата врз единката, групата и општеството и да се спротивставува на ваквите појави во опкружувањето; |
| **VI-A.17** | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови; |
| **VI-A.18** | критички да анализира закани од небалансираниот развој врз животната средина и активно да придонесува кон нејзината заштита и унапредување; |
| **VI-A.19** | да ја објасни важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамки на училиштето; |
| **VI-A.20** | да ја објаснува улогата на меѓународните организации и сојузи во современото општество и да ги анализира вредностите и продобивките од европската интеграција; |
| **VI-A.21** | да го разликува значењето на поимите: нација, народ, етничка заедница, граѓани и индивидуи; на појавите: етничка и национална припадност, патриотизам и национализам, мнозинство и малцинство; како и на концептите: територија, регион, држава, општество, власт и сл. и соодветно да ги користи во различни контексти на кои се однесуваат; |
| **VI-A.22** | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата; |
| **VI-A.23** | да ги идентификува географските карактеристики на континентите, регионите и државите во светот и да ги поврзува со нивниот општествен развој; |
| **VI-A.24** | да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава и да ги поврзува со општествениот развој; |
| **VI-A.25** | да ги објаснува карактеристиките на природните и општествените средини и нивната поврзаност со организацијата на животот на луѓето; |
| **VI-A.26** | да ги објаснува миграциите и популациските промени и нивната поврзаност со општествените промени (социјални, економски, културни, политички); |
| **VI-A.27** | да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка) на сопствениот народ и на историите на другите народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато; |
| **VI-A.28** | да ги раскаже и објасни историските настани на светско ниво (од социјален, културен и политички аспект) кои се битни за развојот на цивилизацијата, за формирање на нациите и за односите меѓу народите и државите во современи услови; |
| **VI-A.29** | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светот и атеизмот/агностицизмот, со посебен акцент на етичките норми и вредностите кои ги застапуваат; |
| **VI-A.30** | критички да размислува за различните перспективи во толкувањето на историските настани; |
| **VI-A.31** | да ги поврзува економските, културните, социјалните и политичките процеси во различни историски периоди; |
| **VI-A.32** | критички да анализира историски извори, артефакти и различни наративи; |

| | |
|---|---|
| VI-А.33 | да учествува во дискусија за историски прашања врз основа на релевантни извори; |
| VI-А.34 | да ја објаснува причинско-последичната поврзаност меѓу минатите и актуелните случувања на локално и глобално ниво. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| VI-Б.4 | неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општестото во целина; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината; |
| VI-Б.8 | секој граѓанин е должен да ги почитува законите, правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да преземе одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |
| VI-Б.10 | познавањето на историјата и географијата овозможува подобро разбирање на светот во кој живееме; |
| VI-Б.11 | секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја, односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор; |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество; |
| VI-Б.13 | националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

За стекнување на компетенциите од ова подрачје најдиректно се заслужни задолжителните предмети ***Општество*** (I – III одделение) и ***Историја и општество*** (IV – IX одделение). Тоа не ја исклучува потребата овие компетенции да се развиваат и преку учење на содржини и развој на вештини и ставови во рамки на сите други задолжителни и изборни предмети (особено оние од областа на јазиците и уметностите). Од особено значење за развивање на овие компетенции преку нивно практикување во реални животни ситуации се воннаставните активности од еколошки и хуманитарен карактер, наставните и воннаставните

активностите со „мешани“ групи ученици од различни наставни јазици и активностите на ученичките тела на ниво на паралелки и на ниво на цело училиште.

# VII. ТЕХНИКА, ТЕХНОЛОГИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Компетенциите од ова подрачје вклучуваат оспособеност за преземање иницијатива, дејствување согласно можностите и преточување на идеите во производи и/или услуги со културна, општествена или комерцијална вредност. Се однесуваат на знаења и вештини од областа на техниката, технологијата, бизнисот, финансиската писменост и претприемништво и овозможуваат развој на креативноста и критичкото размислување, на оспособеноста за тимска работа, за донесување одлуки, за преземање ризик и решавање проблеми кои придонесуваат за личниот и професионалниот развој на ученикот/ученичката.

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **VII-А.1** | да ги поврзува сознанијата од науките со нивната примена во техниката и технологијата и со секојдневниот живот; |
| **VII-А.2** | да ја објасни потребата од иновации за развојот на општеството; |
| **VII-А.3** | да објасни како напредните технички и технолошки системи/продукти го подобруваат секојдневниот живот на луѓето; |
| **VII-А.4** | да генерира идеи и осмислува активности кои водат до продукти и/или услуги; |
| **VII-А.5** | да иницира едноставни проекти со културна, општествена или комерцијална вредност, да ја испланира нивната реализација, земајќи ги предвид потребните ресурси и можните ризици и да напише извештај за реализацијата; |
| **VII-А.6** | да развие план за изработка на некој продукт со употребна вредност, да го изработи продуктот, користејќи соодветни материјали, алатки и постапки и да ја провери неговата функционалност; |
| **VII-А.7** | да определи цена на продуктите, вклучувајќи ги заработката, трошоците и давачките; |
| **VII-А.8** | да осмисли и спроведе рекламна кампања за определен продукт, користејќи лого, слоган, презентација, интернет-страница и сл.; |
| **VII-А.9** | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |
| **VII-А.10** | да го објасни значењето на претприемништвото за развојот на економијата на заедницата; |
| **VII-А.11** | да донесе одлука за натамошно школување врз основа на сопствените интереси, способности и можности, земајќи ги предвид потребите на пазарот на трудот; |
| **VII-А.12** | да ги објасни поимите штедење и позајмување и да прави разлика меѓу штедење на краток и долг рок; |
| **VII-А.13** | да планира рационално и економично да ги распределува и/или троши парите со кои располага. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| **VII-Б.1** | иновациите и претприемништвото се значајни за економскиот развој на општеството и за подобрувањето на социјалниот и финансискиот статус на поединецот и заедницата; |

| | |
|---|---|
| **VII-Б.2** | успешните идеи кои водат кон лични, социјални и финансиски придобивки се резултат на креативност, иницијативност, посветеност и истрајност; |
| **VII-Б.3** | иницијативата е битен услов за внесување промени во личниот живот и животот во заедницата, а успешноста на промените е поврзана со соочување со предизвици и/или преземање ризик; |
| **VII-Б.4** | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |
| **VII-Б.5** | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |

Дефинираните компетенции од ова подрачје се стекнуваат на повеќе начини. Едниот начин е преку задолжителниот наставен предмет ***Техничко образование и информатика*** преку кој учениците, користејќи креативност и имагинација, дизајнираат и изработуваат производи, земајќи ги предвид нивните и другите потреби, желби и вредности. Другиот начин е преку вклучување на знаењата и вештините од претприемништво во сите други задолжителни предмети, во изборните предмети и во воннаставните активности.

# VIII. УМЕТНИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ И КУЛТУРА

Уметничкото изразување се однесува на практикување активности од областа на музиката, танцот, ликовната уметност, литературното творештво, дизајнирањето, изведбените уметности и слични активности кои водат до создавање продукти со културно-уметничка содржина или доживувања во интеракцијата со дела од културата. Компетенциите во областа на културата им овозможуваат на припадниците на една култура да ја практикуваат сопствената култура, да ги консумираат нејзините придобивки и истовремено да бидат отворени кон другите култури и нивните продукти.

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **VIII-A.1** | да манифестира познавање на различни форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| **VIII-A.2** | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| **VIII-A.3** | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други  форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| **VIII-A.4** | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти  креирани од другите,  кои се припадници на сопствената или на други култури; |
| **VIII-A.5** | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| **VIII-A.6** | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| **VIII-A.7** | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |
| **VIII-A.8** | да го препознава значењето и да ги објаснува придобивките и предизвиците од глобализацијата и поврзаноста на локалните прашања со глобалните движења; |
| **VIII-A.9** | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| **VIII-A.10** | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи кои се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување; |
| **VIII-A.11** | да препознава присуство на етноцентризам и да ги идентификува елементите во културата  кои придонесуваат за негова манифестација; |
| **VIII-A.12** | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на други култури. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| **VIII-Б.1** | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот; |
| **VIII-Б.2** | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности; |
| **VIII-Б.3** | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| **VIII-Б.4** | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| **VIII-Б.5** | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| **VIII-Б.6** | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

Компетенциите од ова подрачје се стекнуваат главно преку наставните предмети ***Музичко образование*** и ***Ликовно образование***, преку предметите од областа на јазиците, но и преку слободните изборни предмети и воннаставните активности кои произлегуваат од интересите на учениците за вклучување во различни облици на манифестирање на културата и/или во активности кои водат кон креација на различни уметнички продукти. Особено е битно што преку практикување на различни облици на уметничко изразување учениците можат да придонесат како за сопствено промовирање во и надвор од училиштето така и за промовирање на училиштето во и надвор од непосредната заедница.